Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010 и 135/2011), Основачкото собрание на Здружение на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје на седницата одржана на 09.06.2020 година, донесе

# СТАТУТ

на Здружение на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје,

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој статут се уредуваат следните одредби за Здружението на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје (понатаму Здружение) :

- Името и седиштето;
- целите на здружението;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението;
- правата, обврските и одговорностите на членовите;
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување;
- траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- застапувањето по закон;
- начинот на стекнување и располагање со средствата;
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начинот н а одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начинот на донесување на планови и програми;
- постапувањето со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението и други прашања утврдени со закон.

Член 2

Здружението на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје е граѓанска, невладина, непартиска и непрофитна организација која креира, промовира и реализира активности за заштита на корисниците на финансиски услуги преку советување, унапредување на правата на корисниците на финансиски услуги од банки и други финансиски институции.

Член 3

АНУИТЕТ Скопје е основано на неопределено време поради остварување на целите во областа на банкарство преку подобрување на комуникацијата на членовите на здружението со деловните банки, НБРСМ и други финансиски институции.

Член 4

АНУИТЕТ Скопје делува на подрачјето на Република Северна Македонија.

## II. ИМЕ И СЕДИШТЕ

Член 5

Името на здружението е: Здружение на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје
Скратеното име на здружението е: АНУИТЕТ Скопје
Името на здружението на англиски јазик е: Annuity , Association of banking clients.

Член 6

Седиштето на АНУИТЕТ Скопје е во Скопје, ул. 23-ти Октомври бр.1А, лам.1, лок.1, 1000 Скопје. Одлуката за седиштето ја донесува Собранието.

Член 7

АНУИТЕТ Скопје има свој печат и штембил.

Печатот на здружението е со кружна форма и во него е впишан текст на македонски јазик со кирилско писмо: АНУИТЕТ Скопје, Здружение на банкарски клиенти.

Штембилот на здружението е со правоаголна форма и во него е впишан текст: АНУИТЕТ Скопје, Здружение на банкарски клиенти, место за деловоден број, датум и прилог.

## III. ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 8

Основна цел на АНУИТЕТ Скопје е унапредување, промоција, и заштита на права на корисниците на финансиски услуги од банките и други финансиски институции, како и нивно застапување во согласност со законите на Република Северна Македонија.

Член 9

Посебни цели на АНУИТЕТ Скопје се:

- Заштита на правата на физички и правни лица корисници на финансиски услуги и производи од банките и други финансиски институции;
- Организира самостојно или со други организации стручни собири, обуки, семинари, и други облици на едукација од областа на банкарството, финансии, кредитно советување, сметководство и други сродни области;
- Работење на процес на зголемување на финансиската писменост кај физички и правни лица;
- Соработува со НБРСМ, со останатите банки и др. финансиски институции.
- Врши обединување на интересите на членовите и го подобрува нивниот статус во комуникација со банките и останатите финансиски институции;
- Работи на унапредување на законските и подзаконските акти со кои се уредува работењето на давателите на финансиски услуги и производи во однос на заштита на економските права на потрошувачите на финансиски услуги и производи.
- Посредува во воспоставување однос помеѓу давателот и корисникот на финансиски услуги согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија;
- Поттикнување на умрежување и заедничко делување на организации од разни организациони облици кои во својата цел имаат заштита на потрошувачите на финансиски услуги и производи;
- Поттикнување на развој на нови модели на давање на финансиски услуги и производи кои се засновани на етички начела и принципи;
- Залагање за воведување на закон за личен стечај;
- Активно учество преку советување во намалување на бројот на блокирани сметки на физички и правни лица;
- Заеднички настап во интерес на членовите;
- Давање на услуги за даночен, финансиски и сметководствен консалтинг.

Член 10

Дејноста на АНУИТЕТ Скопје е:

- Поттикнување и развој на сите облици на правна заштита на корисниците на финансиски услуги и производи од постапки на банките или други финансиски институции кои се штетни за корисниците на финансиски услуги и производи;
- Залагање за јасно дефинирање на условите под кои банките или другите финансиски институции можат да ги менуваат кредитните услови согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија;
- Залагање за јасно и транспарентно објаснување на постапките на банките и финансиските институции со кои се менуваат условите и цените на нивните производи и услуги;

- Залагање за праведни услови за кредитирање на граѓаните од страна на банките и финансиските институции;
- Поттикнување на надлежните институции за донесување на правни регулативи со кои би се заштитиле корисниците на финансиски услуги и производи;
- Залагање за строго дефинирање на маржите на банките согласно вообичаените стандарди во земјите од Европската Унија;
- Имплементација на проекти во соработка со домашни и/или странски организации;
- Соработка со државните институции, експерти, консултанти;
- Активно учество во креирањето на јавните политики и закони преку поднесување иницијативи, предлози и мислења;
- Информирање и советување на корисниците на финансиски услуги и производи за нивните права (по повластени тарифи) преку директно работење со нив, семинари, неформално образование, округли маси, конференции и слични едукативни работилници и преку телефон согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија;
- Информирање на јавноста и членовите на здружението за остварување на целите преку интернет форуми, друштвени мрежи и јавни соопштенија, давање посебни услуги по повластена тарифа;
- Регрутирање, организирање и активирање на членовите на здружението;
- Континуирана стручна едукација и подигнување на компентенциите на редовните членови на здружението за спроведување на планираните дејствија;
- Поднесување на тужби за заштита на колективниот интерес на потрошувачите на финансиски услуги и производи, како и покренување на постапки пред сите надлежни институции и тела во Република Северна Македонија и надвор од неа поради заштита на колективните интереси на корисниците на финансиски услуги и производи во склад со остварување на целите и дејноста согласно статутот на АНУИТЕТ Скопје;
- Прибирање на податоци за условите и постапките на банките и финансиските институции при кредитирање на корисниците на финансиски услуги и производи и пренесување во јавноста на истите;
- Давање на услуги од областа на сметководство, даночен и финансиски консалтинг
- Здружување и членување во Здруженија и/или Мрежи на граѓански организации;
- Организирање на настани, трибини, обуки, стручни усовршувања и студиски посети;
- Издавање на публикации, книги, брошури и билтени на теми поврзани со своите цели;
- Вршење и други работи во согласност со Статутот и Законите на Република Северна Македонија.

## IV. ЧЛЕНСТВО

Член 11

Членството во Здружението е доброволно.

Член на АНУИТЕТ Скопје може да биде секој деловно способен граѓанин на Република Северна Македонија кој во моментот на пристапување е полнолетно лице.

За да членува во АНУИТЕТ Скопје лицето треба да ги прифаќа и почитува начелата и целите на здружението наведени во Статутот, како и да ги исполнува одредбите од член 11, 12, 13 од овој статут.

Во здружението има три вида на членство: редовно, подржувачко и почесно.

АНУИТЕТ Скопје води регистар на членови класифицирани по вид.

Податоците во регистарот се ажурираат најмалку еднаш во годината и се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Зачленувањето се врши со пополнување на пристапница преку електронски или писмен пат до АНУИТЕТ Скопје, како и со уплата на годишната членарина. Електонската пристапница се смета за своерачно потпишана доколку после пополнувањето на задолжителните полиња е штиклирано полето “Согласен со целите и статутот на АНУИТЕТ Скопје”. Доколку се исполнети условите за членство Претседателот на АНУИТЕТ Скопје донесува одлука за прием на нов член, за што го известува Собранието на првата следна седница.

На предлог на Претседателот, АНУИТЕТ Скопје може да прифати и почесен член, еминентно и истакнато лице кое ќе придонесе за угледот и реномето на здружението.

За промена на статутот на членството предлог дава Претседателот на АНУИТЕТ Скопје, а одлучува собранието на здружението со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 12

Редовен член на здружението може да станат сите деловно способни физички лица кои активно учествуваат во работата на здружението за остварување на неговите цели и исполнување на одредбите од овој статут.

Под активно учество се подразбира евидентиран активен ангажман во регионален тим или евидентиран активен ангажман во некој стручен тим на здружението.

Член 13

Подржувачки член на здружението може да биде секое деловно способно физичко лице кое има наполнето 18 години и ги прифаќа сите права и одговорности согласно одредбите на овој статут и другите акти на АНУИТЕТ Скопје, а воедно има извршено уплата на годишна членарина за тековната година.

Член 14

Собранието ја одредува висината на годишната членарина на предлог на Претседателот на АНУИТЕТ Скопје

Член 15

Права и обврски на членовите се :

- Учество во активностите на здружението и спроведување на целите на здружението, како и придонесување во извршување на неговата дејност;
- Известување за работењето на Здружението и неговите тела, како и за материјално финансиското работење;
- Давање предлози, мислења и примедби на работата на здружението и неговите тела;
- Чување и подигнување на угледот на Здружението;
- Придржување кон одредбите од овој статут и на други општи акти на Здружението;
- Редовно плаќање на членарината.

Член 16

Членството во АНУИТЕТ Скопје престанува во следните случаи:

- доброволно истапување, со поднесување на изјава за истапување;
- поради неподмирување на членарина подолго од 15 дена од истекот на истата;
- исклучување поради повреда на Статутот на Здружението или предизвикување на штета на Здружението или на неговите членови, за што одлучува Собранието;
- во случај на губење на деловната способност;
- со престанок на делување на Здружението;
- во случај на смрт.

При престанок на членство во здружението, лицето ги губи сите права и обврски согласно Статутот и не полага никакви права или побарувања врз имотот на АНУИТЕТ Скопје.

## V. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 17

Органи на Здружението се: Собрание, Претседател, застапник на здружението е Претседателот на АНУИТЕТ Скопје, а во негово отсуство Заменик Претседателот на АНУИТЕТ Скопје.

Органите на АНУИТЕТ Скопје се избираат на начин утврден со овој статут.

1. Собрание

Член 18

Собранието на АНУИТЕТ е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите редовни членови на АНУИТЕТ Скопје. Секој редовен член има право на еден глас при одлучувањето во Собранието.

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти на АНУИТЕТ Скопје;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на Управен Одбор со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови;
- избира независен ревизор (друштво за ревизија);
- одлучува за статусните измени на здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови;
- одлучува за здружување и членство во сојузи со други здруженија, асоцијации во земјата и странство, и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на АНУИТЕТ Скопје.

Член 19

Собранието работи на седници.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно и по потреба.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот по сопствена иницијатива, или по барање на мнозинство од редовните членовите на Собранието. Ако Претседателот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикуваат иницијаторите.

Собранието донесува деловник за работа со мнозинство гласови од вкупниот број редовни членови.

Член 20

Со седницата на Собранието претседава Секретар на Собранието кој се бира по предлог на Претседателот на АНУИТЕТ Скопје.

Член 21

Собранието полноважно одлучува на седница со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни редовни членови.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните редовни членови, освен за прашања каде Статутот предвидува двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на присутни редовни членови на АНУИТЕТ Скопје.

Собранието за сите прашања одлучува со јавно гласање.

2. Претседател на здружението

Член 22

Претседател има права, овластувања и одговорности кои се поврзани со раководењето на здружението и застапувањето на здружението во согласност со закон и со овој статут. Претседателот на здружението се бира од редовните членови на АНУИТЕТ Скопје, а го избира Собранието со двотретинско мнозинство од сите присутни редовни членови.

Мандатот на Претседателот е четири години, со право на повторен избор.

Претседател на АНУИТЕТ Скопје бира Заменик Претседател.

Член 23

Претседателот:

- го застапува АНУИТЕТ Скопје во правниот промет со трети лица;
- покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата;

– се грижи за стратешкото планирање;
– поднесува годишни извештаи до Собранието;
– ја води организацијата и развива организациска култура;
– воспоставува соодветни процедури за работа на здружението;
– формира пописни и други комисии и работни групи;
– се грижи за правилно и економично работење со средствата на здружението и управува со паричниот тек;
– одлучува за засновање работен однос, ги води и мотивира соработниците;
– одлучува за зачленување во Здруженија и Мрежи на организации;
– врши други работи утврдени со закон и статутот.

Претседателот на АНУИТЕТ Скопје е одговорен за:
– законитоста, правилноста и навременоста на работата на здружението и за обезбедување услови за работа во согласност со законите, статутот и општите акти на здружението;
– подготвување и навремено, објективно и точно презентирање на финансиските извештаи;
– управување и следење на ризиците на кои е изложено здружението.

Претседателот, во рамките на своите права и овластувања, може да му даде на друго лице писмено полномошно за преземање на одредени правни дејствија, како и за застапување пред правосудните и другите органи. Содржината, видот, обемот и времетраењето на полномошното ја определува Претседателот на АНУИТЕТ Скопје.

## VI. ФИНАНСИСКО И ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ

Член 24

АНУИТЕТ Скопје стекнува и прибира средства за финансирање од: членарини, доброволни прилози, донации, подароци, спонзорства, дејности со кои се стекнува добивка, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми, и други приходи во согласност со закон и со статутот.

АНУИТЕТ Скопје може да добива средства и од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, преку конкурирање и добивање на проекти кај домашни и меѓународни организации.

Член 25

Финансиските средства на АНУИТЕТ Скопје се употребуваат за остварување на целите АНУИТЕТ Скопје определени со овој статут и програмата на Здружението.

АНУИТЕТ Скопје не може да остварува добивка. Тоа може да врши дејности со кои може да се стекне со добивка, а вишокот на остварените приходи над расходите мора да се користи само за остварување на целите на АНУИТЕТ Скопје утврдени со овој статут и не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, управниот одбор, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.

Член 26

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на АНУИТЕТ Скопје се утврдуваат секоја година со финансискиот план.

Годишниот деловен план, вклучувајќи го финансискиот план, го донесува Собранието.

Годишниот деловен план се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.

Член 27

АНУИТЕТ Скопје води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон.

Собранието го одобрува извештајот за спроведен попис.

Член 28

АНУИТЕТ Скопје има годишен извештај, годишна сметка и финансиски извештаи во согласност со закон, овој статут и општите акти на АНУИТЕТ Скопје.

Годишниот извештај е составен од извештај за постигнувањата и финансиски извештај. Содржината на годишниот извештај и финансискиот извештај е во согласност со закон и со стандардите за финансиско известување.

Одговорен за годишниот извештај, за годишната сметка и за финансиските извештаи, односно за нивната подготовка и потпишување е Претседателот на АНУИТЕТ Скопје.

Собранието може да одлучи доколку годишниот буџет на здружението е над 150.000 евра во денарска противвредност да се изврши независна годишна ревизија на финансиското работење.

Годишниот извештај и финансискиот извештај за претходната година, го донесува Собранието до 31 март во тековната календарска година, односно во рокот пропишан со закон.

Годишниот извештај и финансискиот извештај за претходната година се објавуваат на веб страницата на АНУИТЕТ Скопје најдоцна до 30 април во тековната календарска година.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 29

АНУИТЕТ Скопје престанува да постои ако:

- Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број редовни членови донесе одлука за престанок на постоење на здружението;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- донесена е одлука на надлежен суд;
- стечај или
- спроведена ликвидација.

Член 30

Во случај на престанок на АНУИТЕТ Скопје, со имотот и средствата што остануваат по намирување на обврските располагаат редовните членови на АНУИТЕТ Скопје кои биле основачи на истото.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Толкување на одредбите на овој статут дава Собранието на АНУИТЕТ Скопје .

Член 32

За сите прашања кои не се уредени со овој статут, непосредно ќе се применува Законот за Здруженија и Фондации.

Член 33

Овој статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Здружение на банкарски клиенти АНУИТЕТ Скопје

Претседател

Место и датум

Скопје, 10.06.2020